Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Број 0202 — 806/8**
**16.06.2020 година**

Врз основа на Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба (Службен весник на РСМ бр. 134 од 22.5.2020 година), Одлуката за изменување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 (Службен весник на РСМ бр. 134 од 22.5.2020 година), Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 (Службен весник на РСМ бр. 140 од 29.5.2020 година, Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за превоз во патниот сообраќај за време на вонредна состојба (Службен весник на РСМ бр. 140 од 29.5.2020 година), измената на Универзитетскиот календар на активности и неработни денови во студиската 2019/2020 година, донесена од Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 514 од 25.2020 год.), Протоколот за изведување практична настава, континуирани проверки и завршни испити бр. 03/805 донесен од Кризниот штаб на ФВМС на 3.6.2020 година и член 62 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје (Универзитетски гласник бр. 460 од 8.10.2019 година), Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје на својата седница одржана на 9.6.2020 год. ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД ЈУНИ ДО СЕПТЕМВРИ 2020 ГОДИНА

### Член 1

Практичната настава (лабораториски вежби, клиничка практика, теренска практика) која не беше реализирана во летниот семестар 2019/2020 година ќе се спроведе во месеците јуни, јули и август од далечина (во демонстративна форма).

### Член 2

Термините за оваа настава ги одредуваат предметните наставници во договор со студентите. За договорените термини предметниот наставник го известува продеканот за настава, за тие да бидат истакнати на факултетската веб-страна.

### Член 3

Заверката на летниот семестар ќе се изврши откога ќе биде реализирана практичната настава од член 1, според одредбите на горенаведениот Протокол. Истото важи и за студентите кои немаат пропуштени наставни обврски во



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

летниот семестар 2019/2020 година (т.е. студенти кои презапишуваат предмети).

**Член 4**

Како доказ дека студентот ги има исполнето сите наставни обврски, предметниот наставник доставува до службата за студентски прашања листа на студентите кои ги исполниле своите наставни обврски, и кои имаат право на потпис во индексот.

**Член 5**

Завршните испити ќе се спроведуваат во летниот испитен рок од 8 јуни до 14 јули, и во есенскиот испитен рок од 17 август до 25 семптември.

**Член 6**

Наставниците имаат можност да закажуваат термини и вон роковите наведени во член 5 ( по 14 јули и пред 17 август). Термините се според распоредот што е во прилог на оваа одлука.

**Член 7**

Завршниот испит може да се одвива со физичко присуство на студентот, според распоредот од член 6, со почитување на одредбите од горенаведениот протокол, или електронски, на барање на студентот и со согласност на предметниот наставник. Доколку е полагањето електронски, термините ги одредуваат самите наставници во непосреден договор со студентите. За закажаните термини предметниот наставник го известува продеканот за настава, за истите да бидат истакнати на факултетската веб-страна.

**Член 8**

Пријавата за испит до службата за студентски прашања студентот ќе ја достави дополнително кога ќе се создадат услови за тоа.

**Член 9**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан,

проф. д-р Лазо Пендовски



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

Распоред на можни термини за полагање на испити или на други проверки на знаењето за периодот јуни-јули-авггуст-септември 2020 година

| | | |
|---|---|---|
| Хемија | Предавална 1 | 26.6 / 30.6 / 6.7 / 13.7 / 20.7 / 27.7 / 10.8 / 17.8 / 24.8 / 31.8 / 7.9 / 14.9 / 21.9 |
| Анатомија на животните / Клиничка анатомија | Предавална 2 | 22.6 / 29.6 / 6.7 / 13.7 / 20.7 / 27.7 / 10.8 / 17.8 / 24.8 / 31.8 / 7.9 / 14.9 / 21.9 |
| Биологија на клетка / Биохемија / Клиничка биохемија | Предавална 3 | 22.6 / 29.6 / 6.7 / 13.7 / 20.7 / 27.7 / 10.8 / 17.8 / 24.8 / 31.8 / 7.9 / 14.9 / 21.9 |
| Хистологија со ембриологија | Микроскопска училница | 22.6 / 29.6 / 6.7 / 13.7 / 20.7 / 27.7 / 10.8 / 17.8 / 24.8 / 31.8 / 7.9 / 14.9 / 21.9 |
| Физиологија на животните | Предавална 2 | 23.6 / 30.6 / 7.7 / 14.7 / 21.7 / 28.7 / 4.8 / 11.8 / 18.8 / 25.8 / 1.9 / 15.9 / 22.9 |
| Микробиологија / Имунологија | Предавална 3 | 23.6 / 30.6 / 7.7 / 14.7 / 21.7 / 28.7 / 4.8 / 11.8 / 18.8 / 25.8 / 1.9 / 15.9 / 22.9 |
| Сточарство | Микроскопска училница | 23.6 / 30.6 / 7.7 / 14.7 / 21.7 / 28.7 / 4.8 / 11.8 / 18.8 / 25.8 / 1.9 / 15.9 / 22.9 |
| Исхрана на домашните животни | Факултет за земјоделски науки и храна | 23.6 / 30.6 / 7.7 / 14.7 / 21.7 / 28.7 / 4.8 / 11.8 / 18.8 / 25.8 / 1.9 / 15.9 / 22.9 |
| Патолошка физиологија | Предавална 1 | 17.6 / 24.6 / 1.7 / 8.7 / 15.7 / 22.7 / 29.7 / 5.8 / 12.8 / 19.8 / 26.8 / 2.9 / 9.9 / 16.9 / 23.9 |
| Паразитологија и паразитарни заболувања | Предавална 2 | 17.6 / 24.6 / 1.7 / 8.7 / 15.7 / 22.7 / 29.7 / 5.8 / 12.8 / 19.8 / 26.8 / 2.9 / 9.9 / 16.9 / 23.9 |
| Основи на клиничка и лабораториска дијагностика / Визуелни дијагностички методи | Предавална 3 | 17.6 / 24.6 / 1.7 / 8.7 / 15.7 / 22.7 / 29.7 / 5.8 / 12.8 / 19.8 / 26.8 / 2.9 / 9.9 / 16.9 / 23.9 |
| Патолошка морфологија | Микроскопска училница | 17.6 / 24.6 / 1.7 / 8.7 / 15.7 / 22.7 / 29.7 / 5.8 / 12.8 / 19.8 / 26.8 / 2.9 / 9.9 / 16.9 / 23.9 |
| Фармакологија / Ветеринарна токсикологија / Хранливи, лековити, отровни и зачински растенија | Компјутерска училница | 17.6 / 24.6 / 1.7 / 8.7 / 15.7 / 22.7 / 29.7 / 5.8 / 12.8 / 19.8 / 26.8 / 2.9 / 9.9 / 16.9 / 23.9 |
| Внатрешни бол. на дом. мил. и коп. / Внатрешни бол. на фармски жив. | Предавална 1 | 18.6 / 25.6 / 2.7 / 9.7 / 16.7 / 23.7 / 30.7 / 6.8 / 13.8 / 20.8 / 27.8 / 3.9 / 10.9 / 17.9 / 24.9 |
| Репродукција | Предавална 2 | 18.6 / 25.6 / 2.7 / 9.7 / 16.7 / 23.7 / 30.7 / 6.8 / 13.8 / 20.8 / 27.8 / 3.9 / 10.9 / 17.9 / 24.9 |
| Општа хирургија со анестезиологија / Специјална | Предавална 3 | 18.6 / 25.6 / 2.7 / 9.7 / 16.7 / 23.7 / 30.7 / 6.8 / 13.8 / 20.8 |

| | | |
|---|---|---|
| хирургија со ортопедија / Офталмологија | | / 27.8 / 3.9 / 10.9 / 17.9 / 24.9 |
| Заразни заболувања на домашните животни / Ветеринарна епидемиологија | Микроскопска училница | 18.6 / 25.6 / 2.7 / 9.7 / 16.7 / 23.7 / 30.7 / 6.8 / 13.8 / 20.8 / 27.8 / 3.9 / 10.9 / 17.9 / 24.9 |
| Анимална хигиена / Болести на птици | Компјутерска училница | 18.6 / 25.6 / 2.7 / 9.7 / 16.7 / 23.7 / 30.7 / 6.8 / 13.8 / 20.8 / 27.8 / 3.9 / 10.9 / 17.9 / 24.9 |
| Управно ветеринарство | Предавална 1 | 3.7 / 10.7 / 17.7 / 24.7 / 31.7 / 7.8 / 14.8 / 21.8 / 4.9 / 11.9 / 18.9 / 25.9 |
| Хигиена и технологија на месо, риби, јајца, мед и нивни производи / Хигиена и технологија на млеко / Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство | Предавална 2 | 26.6 / 3.7 / 10.7 / 17.7 / 24.7 / 31.7 / 7.8 / 14.8 / 21.8 / 4.9 / 11.9 / 18.9 / 25.9 |
| Биологија и патологија на риби / Биологија и патологија на пчели / Биологија и патологија на дивеч | Предавална 3 | 26.6 / 3.7 / 10.7 / 17.7 / 24.7 / 31.7 / 7.8 / 14.8 / 21.8 / 4.9 / 11.9 / 18.9 / 25.9 |
| Менаџмент на здравје на стадо | Микроскопска училница | 26.6 / 3.7 / 10.7 / 17.7 / 24.7 / 31.7 / 7.8 / 14.8 / 21.8 / 4.9 / 11.9 / 18.9 / 25.9 |
| Судско ветеринарство и ветеринарна етика | Компјутерска училница | 26.6 / 3.7 / 10.7 / 17.7 / 24.7 / 31.7 / 7.8 / 14.8 / 21.8 / 4.9 / 11.9 / 18.9 / 25.9 |

Испитите од предметот Биофизика ќе се одржуваат електронски, со договор помеѓу предметниот наставник и студентите.

Редоследот на полагање на одделни студенти и времето на полагање во текот на еден од горенаведените датуми го одредува предметниот наставник во договор со пријавените студенти. Може да се одвива во текот на работното време или во попладневните часови.

Доколку постои потреба за отстапување од горенаведениот распоред, предметниот наставник треба за тоа да го извести продеканот за настава и/или координаторот за ЕКТС.